**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

**Барање за изразување на интерес за позиција**
**"Специјалист за пензии"**
**(реф.бр. MK/SIAP # 3.1)**

**Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП)**
**Кредит Бр: 9036 –МК**

**Консултантски услуги – Индивидуален консултант**

На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Групацијата на Светска банка за потребите за реализација на Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП). Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорот што ќе се склучи за ангажирање на Специјалист за пензии.

Специјалистот за пензии ќе има за цел да даде поддршка на Проектната единица воспоставена во рамките на Министерството за труд и социјална политика, при имплементирање Проектот за администрирање на социјалното осигурување.

Консултантот ќе биде ангажиран со полно работно време, од 08.30 до 16.30 часот од понеделник до петок .

Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика: http://www.mtsp.gov.mk/siap-proekt-za-administriranje-na-socijalnoto-osiguruvanje.nspx

**Потребни квалификации:**

- Високо образование во областа на економија, право или слична област. Магистерски студии или докторат ќе се сметаат за предност;
- Најмалку 10 години искуство во анализа, проекции и истражувања во областа на социјалното осигурување;
- Познавање на законите поврзани со системот на социјално осигурување и институционалната структура на јавната администрација во Република Северна Македонија;
- Познавање на структурата и организацијата на системот на социјално осигурување во Република Северна Македонија;
- Искуството во прашањата поврзани со управување на јавните финансии, по можност во областа на социјалните придонеси и трошоците поврзани со придонесите;
- Работно искуство со меѓународни организации ќе се смета за предност;
- Искуството во работа со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија (ПИОМ) и поврзаните институции од областа на социјалното осигурување ќе се смета запредност;
- Одлични аналитички вештини;
- Одлична вербална и писмена комуникација на англиски и македонски јазик.

Методот за избор е "Избор на индивидуален консултант" согласно "Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година,

ревидирано во ноември 2017 година и август 2018 година ”, достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со СИАП Проектот, е-маил: sanja.andovska@mtsp.gov.mk

Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат бараните квалификации да достават документи со кои ја потврдуваат својата квалификуваност (биографија на македонски и/или англиски јазик, препораки и слични документи).

Документите со кои се изразува интерес мора да бидат доставени најдоцна до **01.06.2020** година до 12 часот, електронски на маил адресата:
sanja.andovska@mtsp.gov.mk.